РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2418/2
05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2418/1 од 08.07.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-2418 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2418/1 од 08.07.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени сомнежи за незаконско постапување на службени лица во ///, на начин што по спроведена јавна набавка за реконструкција на кошаркарското игралиште во општината, правното лице кое го добило тендерот како подизведувач на градежните активности го ангажирало /// од истата општина. Во прилог на пријавата доставени се фотографии од изведбата на градежните активности како докази, а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности..

По анализа на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК изврши увид на веб страницата www.e-nabavki.gov.mk и изврши увид во договорот за посочената јавна набавка од пријавата, па по оценка на сите факти, утврди дека во конкретниот случај посоченото средно општинско училиште објавило јавен оглас за избор на изведувач на градежни работи за реконструкција на кошаркарско игралиште во општината. По спроведувањето на постапката биле склучени договори за јавна набавка со два економски оператори, меѓу кои еден од нив е посоченото правно лице во пријавата. Според чл. 7 од склучениот договор, /// било должно да ги отстрани сите постоечки проблеми и да обезбеди услови за изведување на градежните активности. Видно од доставените фотографии во пријавата, јасно е дека посоченото јавно претпријатие во пријавата не врши градежни активности, туку го подготвува теренот за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

изведување на истите. Според тоа, посоченото јавно претпријатие, во функција на својата дејност, а по однос на конкретната јавна набавка, преземало мерки за расчистување на теренот, со цел да се обезбедат услови за изведување на градежните активности за реконструкција на кошаркарското игралиште. Оттаму, ДКСК оцени дека наводите во пријавата не се однесуваат на сомневање за злоупотреба на службена положба и овластувања на службено лице заради стекнување корист, лично за себе, или за друг, по што констатира дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на ДКСК нема елементи за нејзино надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.